# ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА ВО 2019



КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Примено: | 17. 02. 2020 г. | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 167/4 | / | / |



**До**
**Собранието на**
**Комората на овластени архитекти и овластени инженери**

Согласно член 21 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (КОАИ), Надзорниот одбор на КОАИ го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Надзорниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (НО), во состав:

- М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
- Ратко Станојковски, д.и.е., Заменик Претседател
- Д-р Милорад Јовановски, д.гео.и., Член
- Зоран Миречевски, д.г.и. Член
- М-р Катарина Манчева, д.м.и, Заменик Член
- Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик Член

на 17.02.2020 година изврши контрола на материјално финансиското работење и на завршната сметка за 2019 година на Комората.

Од страна на Генералниот Секретар и стручата служба на КОАИ беа доставени податоци за материјално финансиското работење.

**Од извршената контрола може да се констатира дека материјално финансиското работење на КОАИ е согласно Статутот и актите на КОАИ.**

Стручната служба и УО на КОАИ да постапат по забелешките дадени во Записникот кој е прилог на овој Извештај.

**Прилог:** Записник: арх.бр.02-167/2 од 17.02.2020
Скопје, 17.02.2020 година

**Претседател на Надзорен Одбор**
М-р Кристинка Радевски, д.и.а.

***Надзорен одбор*** ***Скопје, 17.02.2020 година***

# ЗАПИСНИК

од втора седница на Надзорен Одбор

на Комора на овластени архитекти и овластени инженери

одржана на ден 17.02.2020 година

Присутни:

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски, д.и.е., Заменик Претседател
3. Д-р Милорад Јовановски, д.гео.и., Член
4. Зоран Миречевски, д.г.и. Член
5. М-р Катарина Манчева, д.м.и, Заменик Член
6. Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик Член

Тема на состанокот на втората седница на Надзорниот Одбор на Комора на овластени архитекти и овластени инженери беше разгледување на дополнително доставените материјали кои членовите на НО ги побара со Записник бр.02-167/1 од 11.02.2020 година. Состанокот се одржа во просториите на Комората, со почеток во 15.30 часот.

НО ги разгледа доставените материјали и го утврди следново:

1. По однос на дополнително доставениот Извештај за реализација на Програмата за работа на Комората за 2019 година како и претходно доствениот Годишен Извештај, НО предлага податоците за работа на Комората за секоја наредна година да бидат презентирани компатибилно на формата со која се прикажани во Програмата за работата на Комората за секоја претходна година. Целта на предлогот е полесно следење на постигнатите резултати и обврските превземени со Програмата за работа.

2. По однос на Извештајот за финансиското работење на Комората и дополнително доставените финансиски картички за бараните приходни и трошковни позиции од финансиското работење на КОАИ за 2019 година, **НО предлага за наредните години во Извештаите за финансиско работење :**

2.1. Приходите по основ на членарина покрај сметководствениот формат за вкупни приходи, на НО истите да му доставуваат поделно за секое одделение;

2.2. Трошоците кои отстапуваат во однос на планираните да се доставуваат со финансиски картички и образложение за отстапувањето.

Дополнително во однос на проверката на активностите на УО и доставените информации по барањето на НО од претходната седница констатирано е следното:

1. По однос на точка 1 - веќе беше постапено;

2. По однос на точка 2 – е постапено. УО ја достави Предлог Програмата за работа на Комората за 2020 година.

3. По однос на точка 3 - е постапено. УО го достави Финансискиот план за работа на Комората за 2020 година.

4. По однос на точка 4 – иако во неколку наврати УО дава одговор по барањето на НО за можност за присуство на седниците, НО повторно инсистира на своето претходно барање во Записникот од седница на НО одржана на 18.02.2019 година изложено во точка 2 од укажувањата. НО предлага Претседателот и Заменик претседателот на НО да се стават во листата за доставување на поканите за седниците на УО и седниците на Собранието на КОАИ.

5. По однос на точка 5 – доставен е одговор за целосно исполнување на обврските од член 15 од Статутот на КОАИ. НО предлага да се изготви Правилник за реализација на набавките, Правилник за потпишување на одлуки за службени патувања на Претседателот на КОАИ.

**Заклучок:**

НО со задоволство констатира дека органите на КОАИ во текот на 2019 година работеле посветено за постигнување на целите на Комората. НО дава позитивно мислење за работата на УО и реализација на Програмата за работа на Комората за 2019 година, со назнака за поголема координација на работата на НО и УО во иднина.

Надзорен Одбор

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски, д.и.е., Заменик Претседател
3. Д-р Милорад Јовановски, д.гео.и., Член
4. Зоран Миречевски, д.г.и. Член
5. М-р Катарина Манчева, д.м.и, Заменик Член
6. Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик Член